**Влада на Република Северна Македонија**

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

# З А П И С Н И К

од Дваесет и четвртата (дописна) седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 2.11.2020 година

Скопје, ноември2020 година

З А П И С Н И К
од Дваесет и четвртата (дописна) седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 2.11.2020 година

Седница започна во 11:00часот, преку апликацијата ZOOM со употреба на интернет комуникација.

Со седницата претседаваше претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје.

На седницата учествуваа заменичката на претседателката на Советот, Гордана Гапиќ-Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација;и членовите на Советот: Јасминка Ангелова, Министерство за внатрешни работи; Ивана Билбиловска, Министерство за финансии Сафет Незири, Министерство за образование и наука; Душан Томшиќ, Министерство за труд и социјална политика; Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа;Сашо Секуловски, Министерство за животна средина и просторно планирање; Томислав Андоновски, Агенција за млади и спорт;Христина Конеска-Бероска, Секретаријат за европски прашања; Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје; Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје; Теодора Столевска, Здружение на граѓани Младински образовен форум Скопје; Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп; Марио Јанчев, Здружение на граѓани СОС Детско село Северна Македонија Скопје; Наташа Бошкова, Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници Маргини Скопје; Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје; Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје; Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово; Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје и Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје.

На елктронското гласање кое се одвиваше на веб-локацијата www.nvosorabotka.gov.mk учествуваа и: Валентина Шаурек, Министерство за правда и Снежана Трпевска, Здружение на новинарите на Македонија Скопје.

На дописната седница и во текот на гласањето по точките од дневниот ред не учествуваа: Никица Бачовски, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Ана Петровска, Министерство за здравство; Атула Касуми, Министерство за политички систем и односи помеѓу заедниците и Александар Николов, Асоцијација за развојни иницијативи – ЗЕНИТ Скопје.

На седницата учествуваа и претставници на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ Наташа Амдиу, експерт за градење на капацитети и водач на тимот и Венера Хајрулаху, експерт за развој на граѓанското општество и Ирена Иванова претставник од Делегацијата на ЕУ; како и претставници од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Сања Савовска и Даниела Симоновска.

*
*   *

ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од 23. седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 24.9.2020 година

1. Учество на два члена и еден набљудувач од здруженија и фондации во Заедничкиот консултативен комитет за граѓанското општество на Европската Унија и Република Северна Македонија

2. Статус на спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020)

3. Претставување на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ финансиран од Европската унија

4. Разно

*
* *

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор,со 24 гласа „за“ и ниту еден глас „против“, го усвои Записникот од 23. седница на Советот, одржана на 24.9.2020 година.

*
* *

**Точка 1**

Претседателката на Советот Фани Каранфилова-Пановска информираше дека на Јавниот повик за учество на два члена и еден набљудувач од здруженија и фондации во Заедничкиот консултативен комитет за граѓанското општество на Европската Унија и Република Северна Македонија, што Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го објави на 9.10.2020 година на www.nvosorabotka.gov.mk, пристигнати се вкупно 10 пријави. Од административната обработка на пријавите од страна на Одделението за соработка со невладини организации утврдено е дека 3 пријави не ги исполнуваат административните услови и тоа 2 пријави се од организации кои не се регистрирани најмалку 3 години пред објавувањето на повикот и 1 пријава е со некомплетна документација. По барање на претседателката на Советот, Сања Савовска од Одделението за соработка со невладини организации накратко информираше за содржината на пристигнатите пријави поединечно.

Фани Каранфиловска-Пановска истакна дека се иззема од дискусија и гласање за кандидатот од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје, а Зоран Илиевски се иззема од гласање за себе како кандидат. Членовите се согласија гласањето за кандидатите да се изврши електронски на заштитената локација на www.nvosorabotka.gov.mk во рок од 30 минути по завршување на седницата, при што секој член да гласа најмногу за три од пријавените кандидати, а за избрани кандидати за членови на Заедничкиот консултативен комитетза граѓанското општество на Европската Унија и Република Северна Македонија да се сметаат двата прворангирани кандидати со најголем број гласови, додека пак треторангираниот кандидат да биде избран за набљудувач.

Христина Конеска-Бероска запраша како ќе се постапи доколку има повеќе кандидати со ист број на гласови каде Сузана Никодијевиќ Филиповска од Одделението за соработка со невладини организации предложи штом ќе се добијат резултатите од гласањето доколку има кандидати со ист број на гласови, членовите веднаш да бидат известени за дополнително гласање со нов рок. Со овој предлог се согласија членовите на Советот.

Во текот на електронското гласање, што траеше до 13:45 часот, најголем број на гласови добија следните кандидати: Благица Петрески, Финанце Тхинк - Институт за економски истражувања и политики Скопје (18 гласа), Данче Даниловска – Бајдевска, Фондација Отворено општество – Македонија (17 гласа) и Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп (12 гласа). Гласот на Томислав Андоновски пристигнат во 15:14 се смета за неважечки.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ги номинира следните кандидати за претставниците на граѓанскиот сектор во Заедничкиот консултативен комитет за граѓанското општество на Европската Унија и Република Северна Македонија:
   - Благица Петрески, Финанце Тхинк - Институт за економски истражувања и политики Скопје (член);
   - Данче Даниловска–Бајдевска, Фондација Отворено општество – Македонија (член);
   - Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп (набљудувач).

2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат да подготви известување до Министерството за труд и социјална политика за номинираните претставници на граѓанскиот сектор во Заедничкиот консултативен комитет за граѓанското општество на Европската Унија и Република Северна Македонија.

## <u>Точка 2</u>

На барање на претседателката на Советот Фани Каранфилова-Пановска, Сузана Никодијевиќ-Филиповска даде осврт на наративниот и табеларниот дел на Извештајот за статусот на спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020), подготвен врз основа на доставените известувања по електронски пат од страна на членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор и детално ги образложи процентот на реализација на активностите по приоритетни области, клучните резултати и нереализирани активности.

Зоран Илиевски информираше дека до крајот на 2020 година ќе започнат активности во Министерството за труд и социјална политикаација по однос на Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството и Законот за волонтерство.

Сабина Факиќ потенцираше дека во Извештајот недостига образложение за причините поради кои дел од активностите не се реализирани и каде е лоцирана одговорноста за тоа. Согласно Одлуката за формирање на Советот, членовите ја следат реализацијата на активностите од Стратегијата и поради тоа препорача поголем фокус да се стави на мониторингот, а следниот состав на Советот на секоја трета или четврта седница да дискутира за ова прашање. Дополнително оцени дека иако Стратегијата е премногу амбициозна, членовите на Советот, и покрај ограничувањата, ги направиле сите напори за поголема реализација на активностите.

Елизабета Божиноска истакна дека многу е важно Советот поактивно да се вклучи во следењето на реализацијата на Акцискиот план на Стратегијата и да побара од институциите образложение на причините за нереализираните активности и што планираат да преземат во иднина.

Фани Каранфилова-Пановска се надоврза со предлог Одделението за соработка со невладини организации да подготви допис до надлежните институции со барање да ги образложат причините поради кои не се реализирани активности и дали и во кој рок планираат тие активности да ги реализираат, што би било основа при креирањето на новата Стратегија.

Гордана Гапиќ-Димитровска се заблагодари на Одделението за соработка со невладини организации за квалитетните материјали препорача дописите да се испратат до министрите, со утврден рок за одговор. Воедно побара и од институциите чиишто членови не присуствуваат на седниците на Советот да ги образложат причините за тоа, како и да се направи листа на прашања што Советот не успеал да ги покрене што би била составен дел на Извештајот.

Ели Чакар предложи на следната седница да бидат поканети претставници од надлежните институции да образложат за клучните активности, зошто не се реализирани и кои се плановите за во иднина. Јане Чаловски укажа дека во Советот има членови кои ги претставуваат институциите и тие треба да го информираат Советот за причините за нереализираните активности, но укажа и на тоа дека се уште нема номиниран член од Министерството за култура.

Сабина Факиќ посочи дека се работи четири министерства (Министерство за правда, Министерство за финансии, Министерство за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука) и Генералниот секретаријат каде има клучни активности кои се уште не се реализирани и предложи само од тие институции да се побара образложение. Јане Чаловски оцени дека е потребно Советот да побара образложение за сите нереализирани активности, активностите да не се делат на битни и небитни и се заблагодари на Одделението за соработка со невладини организации на одлично и прегледно изработениот Извештај.

Елизабета Божиноска предложи да се побара известување и од Министерството за здравство за активноста 28.2, бидејќи повеќе од една година нема измена во статусот на преземени активности.

Фани Каранфилова-Пановска укажа дека во Акцискиот план на новата Стратегија треба да бидат содржани и некои од мерките и активностите кои се со статус реализирани, бидејќи се однесуваат на процеси кои продолжуваат и во иднина.

Венера Хајрулаху извести дека во рамките на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ предвидена е подготовка на Аналитички извештај за спроведување на Стратегијата, со фокус на нереализирани активности и причините за тоа. Исто така, посочи дека во рамките на проектот анализирана е работата на Советот што ќе биде предмет на претстојната работилница, а се работи и на предлог за изменување на Одлуката за формирање на Советот.

**Заклучоци:**

1. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации во рок од два дена да подготви и до членовите на Советот да достави на коментари допис до надлежните институциите со преглед на нереализирани активности од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020, со барање институциите во рок од 7 дена достават известување за преземените активностите, образложение на причините поради кои активноста не била реализирана и рок во кој планираат активноста да се спроведе.

2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации, по добиените известувања од надлежните институции да подготви ажуриран Извештај за статусот на спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, што ќе се разгледа на наредна седница на Советот до крајот на ноември 2020 година.

**Точка 3**

Наташа Амдиу го претстави накратко проекот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", финансиран од Европската Унија, а имплементиран од CPM International OU за период од февруари 2020 до април 2022 година. Таа детално ги образложи активностите од првата и втората компонента на проектот заедно со временската рамка и информираше за досега реализираните активности: Нацрт-аналитички извештај за статусот и работата на Советот, Нацрт-предлог за начин на консултации со граѓански организации и Нацрт-предлог за внатрешна и надворешна комуникација на Советот и планираните активности: работилница со фокус на областите за подобрување на работата на Советот, спроведување на истиот процес и со Одделението за соработка со невладини организации, Аналитички извештај за имплементација на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и иницирање и поддршка на различни процеси поврзани со подобрување на правното, институционалното и финансиското опкружување за граѓанските организации. Венера Хајрулаху, експерт за развој на граѓанското општество на проектот, се заблагодари за можноста да присуствуваат на седницата и извести дека на планираната работилница со членовите на Советот ќе се земат предвид резултатите од онлајн анкетата за работата на Советот, чиј краен рок беше 30-ти октомври. Во следниот период, Аналитичкиот извештај за работата на Советот ќе биде споделен со членовите на Управниот комитет на проектот и резиме на клучните наоди ќе биде презентиран на работилницата.

**Точка 4**

Претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска информираше за добиеното известување од Силвија Митевска од Здружението за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје за престанување на членување во Советот, поради работно ангажирање како советник за спорт на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија од 2.11.2020 година.

**Заклучок:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанското општество констатираше дека на лично барање престанува членувањето во Советот на Силвија Митевска од Здружението за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје.

Седница заврши во 13:15 часот.

Претседателка на Советот за соработка со
и развој на граѓанскиот сектор
Фани Каранфилова-Пановска

Подготвила: Даниела Симоновска
Контролирала: Сања Савовска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска